National Motor Vehicle Theft Reduction Council
*driving down vehicle theft*

# CAR SAFE TIPS

## Совети за безбедност на автомобилот

**Работи кои можете да ги превземете за да спречите да ви го украдат автомобилот:**




- Никогаш не го оставајте автомобилот сам со клучевите внатре.
- Не ги оставајте клучевите на маса или закачени на закачалка.
- Немојте да го криете вториот комплет клучеви во автомобилот: крадците знаат каде да бараат.
- Ако автомобилот е дома, а вие сте излезени земете ги клучевите со вас.
- Ако имате паркинг внатре, користете го. Ако можете паркирајте го автомобилот позади капија која се заклучува или во гаража што се заклучува.
- Ноќе, паркирајте на осветлено или прометно место.
- Паркирајте на обезбедени паркинзи секогаш кога тоа е можно.
- Кога го оставате автомобилот без надзор, затворете ги прозорците до крај, заклучете ги сите врати и земете ги сите клучеви со вас.
- Не оставајте работи како што се мобилни телефони, чанти, ЦД-а или други вредни работи да се гледаат во автомобилот. Ако треба да оставите вредни предмети во автомобилот, скријте ги пред да пристигнете, така што крадците не ќе можат да видат каде се скриени.
- Шипките за заклучување се визуелно средство кое ги одбива крадците.
- Блокирачите на моторот се најефикасното средство за одбивање на крадците. Можете да купите блокирач на моторот за помалку од $200.
- Кога возите, вратите нека ви бидат заклучени.
- Заклучете го автомобилот кога не сте во него (само не оставајте деца или животни во автомобил без надзор).
- Кога му пристапувате на паркираниот автомобил обрнете внимание на околината. Ако сметате дека некој ве прати или стои во близина на автомобилот, вратете се и повикајте

Најважното од се е - ако ви се закaнува физичка опасност, вашата безбедност е поважна од автомобилот.

Ако имате информации за украдено возило јавете се на CRIME STOPPERS анонимно на телефон број 1800 333 000 (Tasmania 1800 005 555).

CAR·SAFE
*Driving down vehicle theft*
www.carsafe.com.au

Macedonian translation provided by Darebin City Council as part of its NMVTRC funded Operation Bounce Back project, 2005.